**Информативен билтен бр. 1**

**12 декември 2023 година**

FGS Familia го подготви овој информативен билтен со новости во врска со имплементацијата во проектот со број на Договорот за грант ERASMUS+: 2022-1-RO01-KA220-VET-000087398, со наслов Справување со ризиците од климатските промени при транзицијата на градежниот сектор, преку градење на капацитети за користење на одржливи градежни материјали.

Координатор на проектот е Сојузот на синдикати на Романија FAMILIA (FGS Familia), а партнери се асоцијацијата PEDMEDE SOMATEIO – Грција, Стопанската комора на Словенија (Gospodarska Zbornica Slovenije-GZS ZGIGM – CCIS) – Словенија, Центар за менаџирање на знаења и вештини – Република Северна Македонија, Bildungszentren des.V Baugewerbes. (BZB) – Германија, Instituto per L'instruzione Professionale dei Lavoratori Edili della Provincia di Bologna (IIPLE) – Италија и PEDMEDE ECO – Грција.

Целта на проектот е да се подигне свеста на клучните актери заинтересирани за развој на одржливи начини за справување со ризиците од климатски промени при транзицијата на градежниот сектор. Општата цел е да се развијат зелени секторски вештини и компетенции во областа на одржливи градежни материјали. Планираното влијание на проектот има за цел да ја зајакне врската помеѓу центрите за средно стручно образование и обука, секторот за континуирано образование, академијата и индустријата, за да се идентификува максималниот потенцијал на одржливите градежни материјали.

Првиот пакет на активности е завршен во септември 2023, чии главни резултати се изработка на Транснационален извештај со клучни наоди во однос на степенот на знаење и употреба на одржливи градежни материјали и Транснационален пакет со алатки за обука наменет на секторот на стручно образование и обука во градежниот сектор.

Вашиот ангажман и придонес во истражувањето што го спроведовме, за што ви благодариме на овој начин, беше исклучително важен, бидејќи успеавме да постигнеме вредни и квалитетни резултати.

Бидејќи сакаме да ве информираме за напредокот што го правиме и да ви дадеме пристап до нашите резултати, ве покануваме да прочитате некои дополнителни детали во првиот Информативен Билтен на проектот и да ја посетите веб-страницата на проектот https://buildingmatters.gzs.si /vsebina/EN.

Може да нè најдете и на Facebook https://www.facebook.com/Building.Matters.ERASMUS и на LinkedIn https://www.linkedin.com/showcase/building-matters-erasmus/.

Наскоро ќе завршиме уште еден пакет активности, од кои главните резултати ќе бидат прирачник и платформа за е-учење, кои главно ќе бидат наменети за секторот на стручно образование и обука во градежниот сектор. Целта е да се зголеми квалитетот на техничкото образование во однос на одржливите градежни материјали и да се создадат можности за обука за сите заинтересирани страни од областа на градежништвото.

Како што се добиваат нови резултати, ќе ви испраќаме ажурирани информации и ќе бидеме среќни доколку добиеме повратни информации, па дури и препораки од ваша страна.

Им благодариме повторно на сите учесници на Тркалезната маса на 21 април 2023 година, бидејќи ни дадоа важна поддршка за да ги идентификуваме главните бариери, потреби, можности и предизвици (технички, правни, финансиски и институционални) со кои тие моментално се соочуваат, кои многу ни помогнаа да формулираме некои препораки за развој на еколошки секторски вештини и компетенции во областа на одржливи градежни материјали.